**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**
**«СУ-10/23»**
**«09.01.2023» година**
**К у м а н о в о**

**Согласно член 36 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Р.С.Македонија бр.101/2019)**

**Основен суд Куманово, ул:„11-ти Октомври“ бб, тел.број 031 411-555, факс: 031 422-876, e-mail info@oskumanovo.mk**

Судија Снежана Манев - ВД Претседател на Основен суд Куманово

Го подготви следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## Од 01.01.2022 до 31.12.2022 година

**1.**Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

Мирјана Максимовска –судски соработник

**2. Број на примени барања:** Во Основен суд Куманово, во текот на 2022 година, примени се 13 ( тринаесет) барања за пристап до информации од јавен карактер:

1. Татјана Петрушевска од Скопје, Барање податоци за вкупен број на силувања по години 2010 - 2020 година, по возраст на сторителот, образование, националност на сторителот, вкупен број на извршени дела со соучесници/помагачи, брачен статус на сторителот, вкупна бројка на лица кои го повториле делото, економски статус, период на извршување на делото, вкупен број на сторители по пол, место на извршување на делото.

2. Антогона Јовановска од Битола - Барање на информација, колку барања за поведување на прекршочна постапка се поднесени од страна на МВР по чл.228 од ЗБПС во 2020 година и колку во 2021 година, колку од нив се завршени, со каква пресуда (ослободителна, осудителна) и со каква санкција кај осудителна, поединечно за 2020 и 2021 година.

3. Хелсиншки Комитет за човекови права од Скопје, Барање податоци, колку предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно

насилство се поднесени до судот во период 2018-2021 година, колку решенија за изрекување на привремени мерки за заштита се изречени во случаи на семејно насилство во период 2018-2021 година, колку тужби во период од 2021 година се поднесени кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапувањње во случаи за заштита на жртви на родово-базирано насилство, колу пресуди во период од 2021 година се донесени за утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи за заштита на жртви на родово базирано насилство, во период од 2018-2021 година колку тужби за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство врз жени и семејно насилство се поднесени, во период 2018-2021 година, колку пресуди за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно член 87 од Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се донесени, колку предлози во период од 2018-2021 година за процесирање на кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се поднесени, колку пресуди за кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се донеси во период од 2018-2021 година.

4. Катерина Крстевска од Скопје - Барање податоци за број на одбивателни пресуди за кривично дело Убиство на дете при раѓање од член 127 од КЗ, во период од 2011до 2021 година, број осудителни пресуди за кривично дело Убиство на дете при раѓање од чл.127 од КЗ, во период од 2011 до 2021 година, број на осудителни пресуди за кривично дело Убиство на дете при раѓање од чл.127 од КЗ, во период од 2011 до 2021 година.

5. Центар за правни истражувања и анализи од Скопје - Барање податоци за годишни извештаи од апликацијата Извештаи и статистики кои Основните судови, ги доставуваат до Судскиот совет на Република Северна Македонија, за период во последните 5 години.

6. Ивана Димитровска од Крива Паланка - Барање податоци за предмети и пресуди во врска со одговорност за друг кога штетата ја причинило полнолетно лице неспособно за расудување, кога штетата ја причинило полнолетно лице неспособно за расудување, кога штетата ја причинило малолетник, кога тоа го бара принципот на справедливост (кривично и граѓанско).

7. Владимир Клековски од Скопје - Барање податоци дали Пресуда на Основен суд Куманово ПЛ1-ТС од 03.12.2012 година е правосилна, дали против истата има поднесена жалба

8. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство-Глас проти Насилство од Скопје - Барање податоци, колку предлози за изрекување на привремена мерка заштита од насилство - задолжително законско издржување на семејството во период 2018-2021 година, колку решенија за изрекување на привремена мерка за заштита од насилство - задолжително законско издржување на семејството се изречени во случаи на семејно насилство во период од 2018-2021 година, податоци по пол/род на сторителот и пол/род на жртва.

9. Кристијан Темелков од Скопје - Барање податоци за вкупниот број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело „Непостапување според здраствени прописи за време на епидемија" согласно член 206 од КЗ, од 01.03.2020 до 30.06.2022 година, со изречена затворска казна, вкупен број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело „Непостапување според здраствени прописи за време на епидемија" согласно член 206 од КЗ, од 01.03.2020 до 30.06.2022 година, со изречена парична казна, вкупен број на донесени судски пресуди против лица кои сториле кривично дело „Непостапување според здраствени прописи за време на епидемија" согласно член 206 од КЗ, од 01.03.2020 до 30.06.2022 година, со изречена алтернативна мерка.

10. Даниела Георгиева - Барање податоци дали има правосилни пресуди за кривично дело Убиство и колку од нив се за убиство на жени во период 2011-2021 година, колку тужбени барања за надомест на штета се поднесени при смрт на лице поради кривично дело Убиство во период од 2011-2021 година, тужбено барање за надомест на штета, дали е во рамки на кривична постапка или по нејзини завршување во посебна граѓанска постапка поднесено од страна на оштетените, со тужбено барање за надомест на штета каков надомест на штета се бара, податок за материјална, нематеријална штета.

11. Фондација за интернет и општество „Метаморфозис" од Скопје - Барање податоци број на правосилни пресуди донесени по член 394-г од Кривичен Законик, во последните 6 години.

12. Центар за правни истражувања и анализи Скопје - Барање податоци за категорија на вработен, ниво на работно место, пол и датум на раѓање по лице за сите вработени во Основен суд Куманово.

13. Весна Дишлијовска од Скопје - Барање податоци колку вкупно решенија има донесено Основен суд Куманово, во вонпарнична постапка со кои се дозволува склучување на брак на лице кое наполнило 16 години од живот во последните 3 години.

3.**Број на позитивно одговорени барања**; Позитивно се одговорени 12 барања,

4. **Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфлено барање.**

Не постојат отфлени барања. Одбиено е (1) едно, Барање за пристап до информации од јавен карактер, од причина што барањето е нецелосно со прецизни податоци, без наведување на период за кој се бараат податоците, кое во определен рок не било дополнето од страна на подносителот односно бараните податоци не можат да се пребарат во нашата евиденција.

5.**Број на неодговорени барања**. Нема неодговорени барања.

6. **Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на иматели на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлика во случај на повторно одбивање на бараната информација)**

Нема вложени жалби

7. **Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата -** Нема усвоени жалби

8. **Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата**-нема преиначени одлуки

9. **Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфлање**-Нема одбиени жалби.

10. **Број на отфлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфлање**-Нема отфлени жалби.

Куманово, 09.01.2023 година

Службено лице за посредување
Со информации од јавен карактер
При Основен суд Куманово
Судски соработник
Мирјана Максимовска

ВД Претседател на Основен суд Куманово
Судија,
Снежана Манев

Службено лице-потпис